# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА БЕРОВО

С О Д Р Ж И Н А

| | | |
|---|---|---|
| ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | 28.03.2024<br>БРОЈ 42 | ПРИМЕРОКОТ Е БЕСПЛАТЕН |

Заклучок за објавување на О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година;

О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година;

Заклучок за објавување на Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа;

Одлука за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа;

Заклучок за објавување на О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 кВ Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово;

О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 кВ Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово;

*********************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година

Се објавува О Д Л У К А за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година, Бр.09-1265/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.03.2024 година.

Бр.08-1274/1 ОПШТИНА БЕРОВО
28.03.2024год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски

*********************

Врз основа на член 78 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 42/20, 74/21, 215/21 и 58/24) и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (“Службен Весник на РМ” бр.5/2002), Советот на општина Берово на 43-та Седница на Совет одржана на 28.03.2024 година, донесе:

О Д Л У К А

за определување на местата и условите за истакнување на изборни плакати за 2024 година

Член 1

Со оваа Одлука се определуваат местата и условите за истакнување на изборни плакати во 2024 година.

Член 2

Како место на кое ќе се истакнуваат изборни плакати, без надоместок, се определуваат:

2.1 Во градот Берово за истакнување изборни плакати без надоместок се определуваат следните места:

- да се постави монтажна - демонтажна рекламна табла - пано со максимални димензии 2, 00 x 1,00 метар (секој пред својот штаб);
- Сити лајтот на плоштадот во Берово, парк-простор (Ковачовски);

2.2 Во останатите населени места:

- во руралните населби на ѕидовите на задружните домови (сопственост на општината);
- на потпорни ѕидови на улиците;
- оградни ѕидови на јавните површини, и
- деловни објекти во државна сопственост.

Член 3

Како дополнителни места за истакнување на изборни плакати со надомест се постојните билборди и рекламни паноа со надоместок и договор со сопственикот на паноата, и тоа:

- металните билборди на следните локации:
    - раскрсница помеѓу улица „Моша Пијаде„ со ул. „Маршал Тито“;

- на улица „23 Август“ кај постојната автобуска станица.

Член 4

Изборни плакати можат да се истакнуваат и на станбени или други приватни објекти, со претходна согласност од сопственикот на објектот.

Не е дозволено истакнување на плакати од кампањата на објектите каде што се наоѓа гласачкото место или просторијата каде што се спроведува гласањето.

Член 5

Право на користење на определните места имаат организаторите на изборната кампања - политички партии, коалиции и групи на избирачи кои учествуаат во изборниот процес со свои кандидати.

Член 6

Подносителите на листите ќе ги истакнуваат изборните плакати на простор определен за нив, од страна на Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина и Одделението за урбанизам при Општина Берово.

Член 7

Општината гарантира еднакви услови за сите организатори на изборната кампања при истакнување на плакатите.

Член 8

Забрането е уништување на изборни плакати или лепење на плакати преку други плакати на други организатори на изборна кампања.

Член 9

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен Гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1265/1 Совет на Општина Берово

28.03.2024 година Претседател

Берово Марија Буровска

*****************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

З А К Л У Ч О К

за објавување на

О Д Л У К А

за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа

Се објавува О Д Л У К А за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа, Бр.09-1266/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.03.2024 година.

Бр.08-1274/2 ОПШТИНА БЕРОВО
28.03.2024год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски

*****************

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија’’ бр.5/02) и член 19 став 2 точка 43 од Статутот на

Општина Берово („Сл.гласник на Општина Берово“ бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), а во врска со изработката на стратешкиот документ - Акционен план за одржлив развој и клима (СЕКАП) , Советот на Општина Берово на 43-тата седница одржана на 28.03.2024 година донесе:

## О Д Л У К А

за давање согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово за потпишување на

пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Берово да ја потпише иницијативата за приклучување кон Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа.

Член 2

Предмет на иницијативата е ублажување и адаптацијата на климатските промени со учеството во Пактот на градоначалниците за клима и енергија,.

Член 3

Пактот на градоначалниците на ЕУ за клима и енергија е иницијатива поддржана од Европската комисија која обединува илјадници локални самоуправи кои сакаат да обезбедат подобра иднина за своите граѓани. Со приклучување кон иницијативата, доброволно се обврзуваат за спроведување на климатските и енергетските цели на ЕУ.

Член 4

Се задолжува Градоначалникот на општина Берово, во име и за сметка на општина Берово да го потпише пристапниот формулар за да се започне процесот на приклучување кон иницијативата на Пактот на градоначалниците за клима и енергија во Европа.

Член 5

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Бр.09-1266/1 Совет на Општина Берово

28.03.2024 година Претседател

Берово Марија Буровска

*******************

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 62 став 1 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово“ бр. 13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23), Градоначалникот на Општина Берово донесува:

## З А К Л У Ч О К

за објавување на

## О Д Л У К А

за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 кВ Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово

Се објавува О Д Л У К А за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за

инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 кВ Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово, Бр.09-1267/1 што Советот на Општина Берово го донесе на седницата што се одржа на 28.03.2024 година.

Бр.08-1274/3 ОПШТИНА БЕРОВО
28.03.2024год. Градоначалник
Б е р о в о Звонко Пекевски

******************

Врз основа на член 39, а во врска со член 62 од Законот за урбанистичко планирање („Сл. Весник на РСМ“ бр. 32/20) и Програмата за изработка на урбанистички планови за 2024 година на подрачјето на Општина Берово, со бр. 09-4519/1 од 24.11.2023 година, од Совет на Општина Берово, а по поднесеното барање од „ЏОН И ЏОНИ“ ДОО од Прилеп, како полномошник за ЕВН Македонија АД Скопје, примено во Општина Берово под број 20-1198/1 од 20.03.2024 година, за изработка на Урбанистичко планска документација - Урбанистички Проект за инфраструктура со намена Е1.8 - Водови за пренос на електрична енергија, КО Ратево, КО Двориште и КО Русиново, надвор од планскот опфат, Советот на Општина Берово на 43-тата седница одржана на ден 28.03.2024 година, донесува:

## О Д Л У К А

*за прифаќање на иницијативата за отпочнување на постапка за изработка на Урбанистичко планска документација*

***Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија -***
***Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 кВ Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово***

Член 1

Со оваа одлука се прифаќа иницијативата за изработка на „Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план, за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 Кв Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки – Општина Берово“, (планскиот опфат ќе се движи по траса на дел од КП 5223 КО Ратево, дел од КП 5480 КО Ратево, дел од КП 4890 КО Ратево, дел од КП 1432 КО Двориште, дел од КП 8104 КО Русиново и дел од КП 8280 КО Русиново) сите во Општина Берово, што се надвор од планските опфати и за предметните парцели не постои урбанистичко планска документација.

Член 2

Се задолжува одделението за урбанизам, согласно Законот за урбанистичко планирање, да отпочне со постапка за изработка на урбанистичко планска документација, Урбанистички Проект вон опфат на урбанистички план, за инфраструктура Е1.8 – Водови за пренос на електрична енергија - Каблирање на дел од 10 кВ Села 1, делница од отцепен столб за ТЕ 10/0,4 Кв Космофон Сливница до отцеп за Суви Лаки- – Општина Берово.

Член 3

Сите трошоците потребни за изработка на урбанистичко планската документација ќе ги финансира подносителот ЕВН Македонија преку полномошникот подносител „ЏОН И ЏОНИ“ ДОО од Прилеп, како заинтересирана странка, а по потреба може да се склучи посебен договор за финансирање, помеѓу инвеститорот и Општина Берово.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во “Службен гласник на Општина Берово”.

Бр.09-1267/1 Совет на Општина Берово

28.03.2024 година Претседател

Берово Марија Буровска

***************

ИЗРАБОТИЛ:
ОПШТИНА БЕРОВО